РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинско Основно Училиште „ЊЕГОШ“
Јурумлери, Гази Баба, Скопје
Бр. 02-45/80
25.12 2025 год.

ООУ
ЊЕГОШ
ЈУРУМЛЕРИ

# Развојна програма за работа на основното училиште

## ООУ „Његош“- Јурумлери

### Општина Гази Баба

### за учебната

### 2025/2026,2026/2027, 2027/2028,2028/2029

### година




**Декември, 2025 година**

Created in Scanner Pro

Врз основа на член 49 од Законот за основно образование (Сл. Весник бр. бр. 161/19, 229/20, 3/25, 74/25 и 250/25), а согласно Статутот на ООУ „Његош“ – Јурумлери, Скопје, Училишниот одбор на училиштето на својата редовна седница одржана на ден 25.12.2025 година ја разгледа и донесе:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општинско Основно Училиште „ЊЕГОШ“
Јурумлери, Гази Баба, Скопје
Бр. 02-451/76
25.12 2025 год.

## ОДЛУКА

**За прифаќање на Развојна програма за работа на основното училиште за периодот 2025/2026 - 2028/2029 година**

Согласно своите законски и статутарни права и обврски, Училишниот одбор на ООУ „Његош“ – Јурумлери ја разгледа и усвои Развојната програма за работа на основното училиште за периодот 2025/2026 – 2028/2029 година и ја доставува на Советот на Општина Гази Баба. Со оваа одлука се задолжува Директорот потребен број на примероци од Развојната програма за работата на основното училиште за периодот 2025/2026 – 2028/2029 година да достави до:

- Локалната самоуправа – Општина Гази Баба
- Државен просветен инспекторат

Претседател на Училишен одбор: Милица Цикарска ______________

Created in Scanner Pro

## Преамбула

Развојната програма за работа на ООУ„Његош"- Јурумлери се изготвува како документ на секои четири години во кој се разработени сите приоритети за работа на ООУ" Његош"- Јурумлери, а врз основа на Законот за основно образование (Сл. Весник на РСМ бр. 161/19, 229/20 и 3/25, член 49), и врз основа на него донесениот Правилник за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште, член 1 и 2 и глава II и IV, бр.18-3714/3 од 29.05.2024 донесен од Министерот за образование и наука.

Во развојната програма се вградуваат приоритетите за унапредување на воспитно-образовната работа на училиштето согласно самоевалуацијата на ООУ "Његош"- Јурумлери, извештаи за работа на училиштето, потреби и интереси искажани од учениците, родителите и наставниците, а со цел унапредување на севкупниот живот и работата на училиштето.

Развојната програма се заснова на: Законот на основно образование, правилник за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште, Концепт за развивање на систем на образование од далечина, Концепција за воннаставни активности во основното образование, Концепција за инклузија на деца со посебни потреби во основното образование, Концепција за државно тестирање во основното образование, Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта и други закони, подзаконски и интерни акти, Наставни планови и програми, Годишни програми за работа на основното училиште, Годишни извештаи за работа на основното училиште од претходните четири години, Извештај од интегрална евалуација на основното училиште и сл.

Ние, учениците, родителите и вработените во ООУ" Његош"- Јурумлери се определуваме да работиме во интерес на развивање на потенцијалите на секое дете. Се залужуваме за рамноправен и праведен третман на сите ученици, родители и вработени, без оглед на полот, етничката или верската припадност. Се обврзуваме дека користејќи ги современите форми и методи на настава ќе придонесеме за взаемен развој и создавање на навики за доживотно учење. Истовремено се обврзуваме дека континуирано ќе работиме на подобрување на материјално- техничките услови на училиштето и подобрување на квалитетот на наставата. Овие определби ги инкорпорираме во развојната програма за работа на ООУ" Његош"- Јурумлери.

| Развојна програма на училиштето | |
|---|---|
| **Училиште** | **ООУ „Његош“** |
| Адреса | Ул.2а бр.18 Јурумлери |
| Телефон, е-пошта | 02 2545 970, negoskolonija@yahoo.com |
| Период на подготовка на Развојната програма на училиштето | Октомври - декември |
| Број на ученици во училиштето | 510 |
| Број на подрачни училишта | 0 |
| **Училишен директор** | |
| Име и презиме | Анета Цветкова |
| Потпис | |
| Датум | 25.12.2025 |
| **Одобрување од УО** | |
| Име и презиме | Милица Цикарска |
| Потпис | |
| Датум | 25.12.2025 |

Created in Scanner Pro

## *Содржина*


**1. Податоци за основното училиште ....................................................5**

1.1 Идентификациски податоци за училиштето ....................................................5

1.2 Историјат на основното училиште ....................................................6

**2. Преглед на постигнатите резултати од претходната Развојна програма на училиштето ....................................................7**

**3. Фактори кои влијаат на развојот на основното училиште (СВОТ – анализа) ....................9**

**4. Мисија и визија на основното училиште ....................................................12**

**5. Избрани приоритети и образложение за секој од нив ....................................................13**

**6. Дефинирани стратешки и развојни цели ....................................................14**

**7. Акциски планови за реализација на Развојната програма на училиштето ....................16**

**8. Комисија за изработка на Развојната програма на училиштето ....................................24**




Created in Scanner Pro

## 1. Податоци за основното училиште

### 1.1 Идентификациони податоци за училиштето

| Податоци | |
|---|---|
| Име на основното училиште | ООУ „Његош"- Јурумлери |
| Адреса | Ул. „2-а" бр. 18 Јурумлери |
| Телефон | 25 45 970 |
| Место, општина | Гази Баба |
| Веб страница | ounjegos.edu.mk |
| E-mail | negoskolonija@yahoo.com |
| Ден на Училиштето | 13ти Ноември |
| Внатрешна површина на училиштето (м2) | 3066 м2 училишен простор |
| Училишен двор | 16.996,50 м2 |
| Подрачни училишта во состав на основното училиште, место | / |
| Капацитет на училиштето (максимален број на ученици) | 800 |
| Број на ученици (моментална состојба) | 510 |
| Број на паралелки | 24 |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | -македонски јазик од 1 до 9 одделение<br>-албански јазик од 1 до 5 одделение |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни потреби | / |
| Број на смени во кои се реализира наставата во училиштето | 2 |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | / |
| Во основното училиште има ресурсен центар | / |
| Број на паралелки | 24 |
| Други податоци карактеристични за основното училиште | Мултиетничко, мултиконфесионално рурално училиште кое врши опфат на деца од територијата на Гоце Делчев, Дунек, Јурумлери, Колонија Идризово, с.Идризово, Дрма. |



Created in Scanner Pro

## 1.2 Историјат на основното училиште

ООУ „Његош"- Јурумлери е формирано 1953 година, како основно училиште, кое образувало деца до четврто одделение. Во почетокот училиштето работело само во старата зграда. Од 1973 година,училиштето располага со две крила, од кои во едното се следи одделенска, а во другото, во кабинети се изведува предметна настава. Училиштето е верификувано како редовно основно училиште со Акт бр. 14-1203/1 од 26.02.1986 од МОН на РМ.

Денес ООУ„Његош"- Јурумлери има статус на јавна установа чија основна дејност е воспитание и образование на деца, ученици од I-IX одделение и ги опфаќа учениците од територијата на Гоце Делчев, Дунек, Јурумлери, Колонија Идризово, с. Идризово, Дрма.

Структурата на наставниот кадар се подобрува од година во година, а наставата се изведува во кабинети опремени со аудиовизуелни средства. Живиот збор на наставникот се почесто се заменува со нагледност, слика на екран, податоци од компјутер, самоистражувачка работа, самостојно учење, описно оценување, модернизација во воспитно- образовниот процес и сл.

Училиштето располага со училишна библиотека чиј фонд секоја година се збогатува со лектирни изданија за учениците, но и помошна литература за наставниците.

Во ООУ „Његош"- Јурумлери, досега со основно образование се стекнале над 12.000 ученици, од кои голем дел се успешни во своите професии.

Учениците кои завршиле основно образование во ООУ „Његош"- Јурумлери денес се лекари, адвокати, инженери, наставници, професори, работници, земјоделци, семејни луѓе, чии деца се ученици во истото училиште. Со гордост истакнуваме дека учениците кои завршиле во нашето училиште се чесни и достоинствени граѓани на Република Северна Македонија, родители, луѓе кои со својот труд, карактер и однос заслужуваат почит.

Се надеваме дека и нашите идни генерации ќе бидат чесни, достоинствени луѓе на кои ООУ „Његош"-Јурумлери ќе им биде драго сеќавање.

## 2. Преглед на постигнатите резултати од претходната Развојна програма на училиштето

| Стратешка цел 1 | Развојни цели | Целосно реализирана | Делумно реализирана | Нереализирана | Образложение |
|---|---|---|---|---|---|
| **Стручно усовршување на наставниот кадар за поквалитетна реализација на наставните планови и програми** | 1.1 Систематско и континуирано планирање на учество во обуки и програми за професионален развој | Да | | | Врз основа на оддржаните обуки од страна на избраните провајдери, наставниците се стекнаа со нови знаења и истите ги применуваат во секојдневната настава со што се подобри квалитетот на наставата. |
| | 1.2 Изготвување на планови за интерни активности за професионален развој, реализација и вреднување | | Делумно | | Плановите се изработуваат во годишните програми на активите, каде што се разменуваат искуства, работичници од одржани екстерни обуки |
| **Стратешка цел 2** | **Развојни цели** | **Целосно реализирана** | **Делумно реализирана** | **Нереализирана** | **Образложение** |
| **Обезбедување медијатека и простор за читање на ученици/ наставници** | 2.1 Обезбедување и уредување на медијатека и простор за читање на | Да | | | Една од просториите во училиштето е реновирана и уредена како медијатека која ја користат |



Created in Scanner Pro

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | ученици/ наставници | | | | учениците и наставниците |
| **Стратешка цел 3** | **Развојни цели** | **Целосно реализирана** | **Делумно реализирана** | **Нереализирана** | **Образложение** |
| **Поголемо учество на бизнис секторот, локалната самоуправа и родители во обезбедување на средства за унапредување на образовниот процес** | 3.1 Зајакнување на соработка со бизнис секторот | Да | | | во донација на боја,четки, материјали (гипс картони,мреѓа лепак) за санирање на 4 училници во стар дел од училиштето |
| | 3.2 Зајакнување на соработка со локалната самоуправа | Да | | | Преку локалната самоуправа обезбедени се донации со кои што се опреми кабинетот по информатика и медијатеката со нови бироа, преку ДМ дрогерии обезбедени се клупи и столчиња за училницата по ликовно образование, ДМ дрогерии донираа 89 садници од високостеблести дрвја и растенија-грмушки |



Created in Scanner Pro

## 3. Фактори кои влијаат на развојот на основното училиште ( SWOT – анализа)

### SWOT - анализа

| Предности (силни страни) на основното училиште | Слабости (слаби страни) на основното училиште |
|---|---|
| • Наставниците се ангажирани во подготовка и вклучување на учениците во голем број на натпревари на општинско, регионално и државно ниво.<br>• Учениците имаат желба да стекнат повеќе знаења, умеења и навики за да учествуваат во натпреварите.<br>• Се зајакнува истражувачкиот дух на учениците при реализирање на излети, екскурзии, настава во природа.<br>• Училиштето е мултиетничко и мултикултурно и во него се обезбедува еднаквост на сите ученици.<br>• Се водат индивидуални разговори со родителите за поефикасно решавање на проблемите.<br>• Родителите добиваат пишани документи за напредокот на учениците.<br>• Наставниците водат грижа за образовните потреби на секој ученик преку реализирање на дополнителна, додатна настава преку темелно објаснување на материјалот.<br>• НПП во целост се реализираат.<br>• Училиштето дава поддршка на наставниците за успешно подготвување и осовременување на НПП.<br>• Редовно се изготвуваат годишни, тематски и дневни планирања за реализација на сите видови настава и во истите се дефинираат цели и исходи.<br>• Наставниот кадар во соработка со стручната служба ги адаптира наставните планирања кон потребите на учениците и карактеристиките на локалната заедница.<br>• Во училиштето се реализира изборна настава при што се понудени повеќе од три предмети. | • Воспитно – образовниот кадар континуирано посетува обуки за професионален развој, но не се врши дисеминација на посетените обуки.<br>• Потребна е поголема ангажираност на наставниците во работа со надарените ученици и ангажирање на повеќе образовни асистенти за работа со ученици со ПОП.<br>• Расте бројот на ученици со потешкотии и посебни образовни потреби, а одредени ученици со потешкотии во учењето немаат наод и мислење од соодветни здравствени установи.<br>• Некои родители одбиваат да ги прифатат насоките дадени од стручната служба и наставниците со што се усложнува целиот образовен процес.<br>• Поголем број од родителите кои се поканети на советување не го почитуваат закажаниот термин.<br>• Нередовност на учениците од ромска етничка припадност во споредба со останатите ученици.<br>• Впечаток е дека партнерскиот однос со родителите и деловната заедница се подобрува, но има можности за поголема партиципација на родителите во севкупната работа на ООУ „Његош“.<br>• Училиштето работи на професионална ориентација за децата со посебни образовни потреби. Стручната служба им помага на учениците и родителите во такви ситуации или ги упатуваат до релевантни институции. Се јавува потреба од поголема отвореност од страна на родителите при одсликување на реалната семејна состојба во која живее ученикот, а е можен извор на емоционална несигурност или тешкотија.<br>• Училиштето се грижи за квалитетот на храната што им ја нуди на учениците и истата ја набавува од сертифицирани производители, но истата ја конзумираат само мал дел од учениците. Најголем дел од учениците купуваат храна во продавниците во непосредна близина.<br>• Недоволна соработка со деловната заедница и поголемо учество на бизнис секторот во |



Created in Scanner Pro

| | |
|---|---|
| • Учениците имаат можност да изберат воннаставна активност без влијание на успехот, полот или етничката припадност.<br>• Училиштето има систем за идентификување и поддршка на учениците кои имаат тешкотии во учењето, надарените ученици како и на учениците со пречки во развојот и континуирано го следи нивниот напредок.<br>• Наставниците обезбедуваат поддршка на учениците кои имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развојот, избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби.<br>• Училиштето превзема активности за унапредување на добростојбата на учениците и напредување согласно воспитно- образовните цели и очекуваните резултати пропишани во наставните програми<br>• Во училиштето се промовира и афирмира заедништво, слога, соработка, почит, полова еднаквост.<br>• Најголем дел од родителите сметаат дека нивните деца се прифатени и почитувани од наставниците. Многу висок е и процентот на родители кои одговориле дека нивното дете е прифатено и почитувано од соучениците.<br>• Учениците се чувствуваат безбедно во училиштето. Кога имаат потреба од помош, околу 94% од учениците се изјасниле дека можат да се обратат на раководителот на паралелката или на друг наставник, односно дека можат слободно да бараат совет и поддршка од педагогот и психологот во училиштето.<br>• Постојат пропишани процедури за обезбедување материјални средства за ученици кои се социјално загрозени и не се во состојба да набават работен прибор, лектири, облека, играчки.<br>• Во структурата на управување и раководење во училиштето има правична родова и етничка застапеност.<br>• Членовите на раководниот тим и училишниот одбор, се избираат јавно и | обезбедување на средства за унапредување на образовниот процес.<br>• Отсуство на обука за членовите на училишниот одбор. |

| | |
|---|---|
| демократски.<br>• Директорот има добра стратегија и јасна визија, што ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во дејноста на училиштето.<br>• Директорот објективно го оценува квалитетот на вработените, го вреднува нивниот придонес во тимската работа и ја промовира добрата практика која што веќе постои во училиштето.<br>• Директорот поттикнува тимска работа преку вклучување на вработените во процесот на развој на политики, планирање и обезбедување квалитет во работата на училиштето.<br>• Директорот има добра комуникација и соработка со раководниот тим и управниот одбор.<br>• Директорот и раководните тимови воспоставуваат продуктивни партнерства во непосредната и пошироката заедница.<br>• Директорот и раководниот тим навремено и ефикасно известуваат и ги извршуваат сите деловни измени, потреби, состаноци и друго.<br>• Раководниот тим има непречена и навремена комуникација со сите субјекти во училиштето (со наставници и со ученици).<br>• Раководниот тим ги задоволува очекувањата, потребите и барањата на наставниците.<br>• Училиштето има поставено прецизни и јасни цели, кои се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и овозможува професионален развој на вработените, објективно се оценува квалитетот на вработените, се вреднува нивниот придонес во тимската работа и се промовира добрата практика што постои во училиштето<br>• Сите субјекти (родители, вработени, ученици), активно учествуваат во креирање, подобрување и реализација на целите, начелата и вредностите на училиштето.<br>• Училиштето има добра стратегија и јасна визија, што поттикнува квалитетно и успешно постигнување на целите на сите вклучени страни во работата на училиштето<br>• Училиштето се фокусира на приоритети воочени во развојниот план/програма преку ефективна самоевалуација, а во центарот | |

| | |
|---|---|
| на своето работење ги става постигнувањата на учениците и подобрувањето на работата на училиштето. | |
| **Можности (прилики) што произлегуваат од работата за основното училиште** | **Закани, пречки (опасности) што произлегуваат од опкружувањето за основното училиште** |
| • Изнајмување на училишен простор на приватен сектор (книжара, продавница, сендвичара);<br>• Во соработка со Општината, аплицирање на проекти со кои се финансираат инфраструктурни активности;<br>• Дополнителна обука на наставниот кадар за аплицирање на проекти (ангажирање на лица за изработка на проекти);<br>• Професионално напредување и усовршување на наставниот кадар на сите нивоа;<br>• Соработка со невладини организации<br>• Училиштето би требало уште повеќе да ја зајакне соработката со локалната заедница (особено со бизнис секторот) за да може уште поефикасно да работи и да ги остварува своите цели и задачи.<br>• Изнаоѓање на можности за донаторски средства. | • Неможност на наставниците самостојно финансиски да си обезбедат парични средства за потребната обука;<br>• Зголемување на бројот на ученици кои имаат тешкотии во учењето; |

## 4. Мисија и визија на основното училиште

**Мисија**

***Го поддржуваме менталното здравје и емоционалната благосостојба на учениците преку безбедна, грижлива и инклузивна училишна средина.***

**Визија**

***Да бидеме училиште во кое секое дете се чувствува прифатено, сигурно и емоционално силно за да го достигне својот целосен потенцијал.***

## 5. Избрани приоритети и образложение за секој од нив

| Приоритет | Образложение |
|---|---|
| Усовршување на наставниот кадар за подобрување на менталното здравје на учениците | Усовршувањето на наставниот кадар е клучен предуслов за унапредување на менталното здравје и емоционалната благосостојба на учениците. Наставниците имаат значајна улога во препознавањето на раните знаци на стрес, анксиозност, социјална изолација и други психосоцијални потешкотии кај учениците. Преку континуирана едукација за социо – емоционално учење, позитивна дисциплина, инклузивни практики и ефективна комуникација, наставниот кадар ќе биде подобро оспособен да создаде поддржувачка и безбедна училишна средина. Ова придонесува кон поголема емоционална стабилност на учениците, подобар училишен успех и развој на здрави механизми за справување со предизвиците. |
| Подобрување на редовноста на учениците роми | Подобрувањето на редовноста на учениците роми е од клучно значење за обезбедување на еднаков пристап до квалитетно образование и намалување на образовните нееднаквости. Нередовното посетување на настава често е поврзано со социјални, економски и семејни предизвици како и со недоволна поддршка и мотивација. Преку создавање на инклузивна, поддржувачка и културно сензитивна училишна средина, јакнење на соработката со родителите и локалната заедница како и обезбедување психосоцијална поддршка, училиштето може да придонесе за зголемување на редовноста, подобар училишен успех и целосна интеграција на учениците роми во образовниот процес. |
| Креирање на инклузивна средина за сите ученици | Инклузивната средина претставува темел за квалитетно и правично образование, во кое секој ученик се чувствува прифатен, вреднуван и поддржан. Кога училиштето ги препознава и ги почитува различностите, се создава позитивна атмосфера што поттикнува меѓусебно разбирање, соработка и личен развој.<br>Преку флексибилни наставни методи, активно вклучување на учениците и континуирана поддршка од наставниот и стручниот кадар, се |



Created in Scanner Pro

| | |
|---|---|
| | овозможува секое дете да го достигне својот потенцијал. Ваквата средина придонесува за подобра училишна клима, зајакнување на самодовербата и унапредување на психосоцијалната благосостојба на сите ученици. |

## 6. Дефинирани стратешки и развојни цели

| Приоритет/и | Стратешка цел |
|---|---|
| Усовршување на наставниот кадар за подобрување на менталното здравје на учениците | Да се унапреди компетентноста на наставниот кадар за поддршка и промоција на менталното здравје на учениците, со цел создавање сигурна, инклузивна и поддржувачка учичишна средина. |
| Подобрување на редовноста на учениците роми | Да се обезбеди еднаков пристап до образование на учениците роми преку јакнење на нивната мотивација и поддршка за редовно присуство во наставата, во согласност со принципите на инклузивност и еднакви можности. |
| Креирање на инклузивна средина за сите ученици | Да се создаде инклузивна, поддржувачка и еднаква училишна средина која овозможува целосно учество, развој и благосостојба на сите ученици, без разлика на нивните индивидуални способности, културно потекло или социјален статус. |

### Од стратешки цели кон развојни цели

| Стратешка цел 1 | Развојни цели |
|---|---|
| Да се унапреди компетентноста на наставниот кадар за поддршка и промоција на менталното здравје на учениците, со цел создавање сигурна, инклузивна и поддржувачка учичишна средина. | 1.1 Организирање редовни обуки и семинари за наставниците за препознавање на психосоцијални проблеми кај учениците. |
| | 1.2 Воведување на наставни практики и стратегии за социо- емоционално учење и поддршка на менталното здравје. |
| | 1.3 Создавање програми и активности кои поттикнуваат самопочит, емпатија и психосоцијална благосостојба на учениците. |

| Стратешка цел 2 | Развојни цели |
| --- | --- |
| Да се обезбеди еднаков пристап до образование на учениците роми преку јакнење на нивната мотивација и поддршка за редовно присуство во наставата, во согласност со принципите на инклузивност и еднакви можности. | 2.1 Развивање и имплементирање на програми за активна соработка со семејствата и локалната заедница за поддршка на редовното присуство. |
| | 2.2 Прилагодување на наставата и образовните активности за задоволување на индивидуалните потреби и интереси на учениците роми. |
| | 2.3 Редовно следење и евалуација на присуството, со примена на превентивни мерки за намалување на отсуствата. |
| **Стратешка цел 3** | **Развојни цели** |
| Да се создаде инклузивна, поддржувачка и еднаква училишна средина која овозможува целосно учество, развој и благосостојба на сите ученици, без разлика на нивните индивидуални способности, културно потекло или социјален статус. | 3.1 Прилагодување на наставните методи и материјали за да се овозможи активно учество на сите ученици. |
| | 3.2 Обезбедување на континуирана поддршка и менторство на учениците со посебни потреби или социјални предизвици. |
| | 3.3 Поттикнување на меѓусебна соработка, толеранција и почитување на различностите меѓу учениците. |

## 7. Акциски планови за реализација на Развојната програма на училиштето

| **Стратешка цел 1: Да се унапреди компетентноста на наставниот кадар за поддршка и промоција на менталното здравје на учениците, со цел создавање сигурна, инклузивна и поддржувачка училишна средина.** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Развојна цел 1.1** Организирање редовни обуки и семинари за наставниците за препознавање на психосоцијални проблеми кај учениците. | | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Реализатори** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење за реализација на активностите** | **Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите** |
| Анализа на потреби за обука | Спроведена анкета меѓу наставниците<br>Процент на наставници опфатени со анкетата<br>Идентификувани приоритетни теми | Претседател и на стручни активи | Јуни | Анкетни листови | Директор<br>Педагог<br>Психолог | Анкети<br>Извештај од анализа |
| Изработка на годишен план за обуки | Изработен и усвоен план<br>Број на планирани обуки / семинари | Тим за професионал ен развој | Август | Компјутер / лаптоп<br>Канцелариски потрошен материјал | Директор | Сертификати / потврди од следени обуки |
| Вклучување на надворешни експерти | Број на ангажирани стручни лица<br>Број на обуки реализирани од експерти | Директор | Септември - јуни | | Тим за професионале н развој | Анкети<br>Извештаи |
| Внатрешна стручна поддршка | Формиран училишен тим за поддршка<br>Број на конструктивни средби | Директор | Август | Компјутер / лаптоп | Тим за професионале н развој | Записници |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Континуирана поддршка и одржливост | Обучени наставници Распореди | Тим за професионален развој | Септември - јуни | Компјутер / лаптоп Канцелариски потрошен материјал | Директор | Документирани добри практики |

**Развојна цел 1.2** Воведување на наставни практики и стратегии за социо- емоционално учење и поддршка на менталното здравје.

| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Реализатори** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење за реализација на активностите** | **Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Анализа на состојбата и потребите | Анкети меѓу ученици за социо – емоционалната клима | Одделенски раководители | Септември | Анкетни листови | Директор Педагог Психолог | Анализа |
| Јакнење на капацитетите на наставниците | Обуки за наставници | Директор | Септември - јуни | Финансиски средства | Тим за професионален развој | Потврди, сертификати од посетени обуки |
| Континуирана стручна поддршка | Редовни консултации со педагог / психолог Размена на добри практики меѓу наставниците | Наставници Стручна служба | Во тек на учебната година | Структурирани работилници | Директор | Извештаи, записници |
| Изработка на акциски план за унапредување на менталното здравје на учениците | Реализирани активности и работилници | Наставници Стручна служба | Септември | Стручна литература Компјутер / лаптоп | Директор | Месечни извештаи за реализирани активности |

**Развојна цел 1.3** Создавање програми и активности кои поттикнуваат самопочит, емпатија и психосоцијална благосостојба на учениците.

| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Реализатори** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење за реализација** | **Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите** |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | на активностите | |
| Изработка на акциски план за унапредување на менталното здравје на учениците во кој се вклучени работилници за самопочит, емпатија и психосоцијална благосостојба на учениците | Реализирани активности и работилници | Наставници Стручна служба | Септември | Стручна литература Компјутер / лаптоп | Директор | Месечни извештаи за реализирани активности |

**Стратешка цел 2: Да се обезбеди еднаков пристап до образование на учениците роми преку јакнење на нивната мотивација и поддршка за редовно присуство во наставата, во согласност со принципите на инклузивност и еднакви можности.**

**Развојна цел 2.1** Развивање и имплементирање на програми за активна соработка со семејствата и локалната заедница за поддршка на редовното присуство.

| Активности | Индикатори за успех | Реализатори | Временска рамка за имплементација | Потребни ресурси | Тим за следење за реализација на активностите | Инструменти/извор и на информации за следење на индикаторите |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Организирање на работилници за родители за значењето на редовноста на настава и влијанието врз успехот и развојот на детето | Број на реализирани работилници Број на родители кои присуствувале. Намалување на бројот на неоправдани изостаноци | Стручна служба | Септември - јуни | Стручна литература Работилници | Директор | Редовни анализи на податоци за присуство План на активности Извештаи Е-дневник |
| Подготовка и дистрибуција на | Број на дистрибуирани информативни | Стручна служба | Септември - јуни | Стручна литература | Директор | Изработени и дистрибуирани |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| информативни брошури за последиците од нередовно посетување на настава | материјали. Број на родители кои изразиле зголемена информираност | | | | | материјали Број на опфатени родители Извештаи |
| Навремено информирање на родителите при појава на чести изостаноци | Евидентни листови. Записници од разговори со родители. | Одделенски раководители | Септември - јуни | Евидентни листи | Стручна служба Директор | Воспоставени канали на комуникација Навремени известувања за изостаноци Испратени известувања |
| Поврзување на семејствата со социјални и здравствени услуги | Број на семејства упатени кон надворешни институции. Намалување на хронично отсуство кај ученици во ризик. | Стручна служба | Септември – јуни | Информативни материјали | Директор | Анализи за број на семејства корисници на услуги Дописи со институции |
| Вклучување на родители во училишни активности и настани за зајакнување на чувството на припадност. | Зголемено учество на родителите во училишни настани. | Одделенски раководители Стручна служба | Септември – јуни | Стручна литература Потрошни материјали | Директор | План за активности Извештаи Број на вклучени родители |
| Промоција на позитивни примери и успешни приказни. | Подобрување на мотивацијата и редовноста во училиште. Позитивни промени во ставовите кон образованието. | Стручна служба | Септември – јуни | Компјутер / лаптоп Смарт табла Потрошни материјали | Директор | Остварена соработка со надворешни лица Позитивни промени во ставовите |

Развојна цел 2.2 Прилагодување на наставата и образовните активности за задоволување на индивидуалните потреби и интереси на учениците роми.

| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Реализатори** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење за реализација на активностите** | **Инструменти/извор и на информации за следење на индикаторите** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Идентификување на учениците роми и анализа на нивните образовни потреби, интереси, јазични бариери и социо – економски фактори | Идентификувани потреби и интереси | Одделенски раководители | Септември | Евидентни листи | Стручна служба | Евидентни листи Анкети |
| Прилагодување на наставните содржини по тежина, темпо, начин на претставување | Подобрување на успехот | Наставници | Септември – јуни | Годишни, месечни и дневни планирања и сценарија | Стручна служба Директор | Извештаи Е-дневник |
| Културно чувствителна и инклузивна настава | Вклучени содржини од ромската култура, традиција и историја | Наставници | Септември – јуни | Годишни, месечни и дневни планирања и сценарија | Стручна служба Директор | Дневни подготовки и сценарија |
| Поддршка надвор од редовната настава | Одржани часови за дополнителна, додатна и вонннаставни активности | Наставници | Септември – јуни | Годишни, месечни и дневни планирања и сценарија | Стручна служба Директор | Е-дневник |

**Развојна цел 2.3** Редовно следење и евалуација на присуството, со примена на превентивни мерки за намалување на отсуствата.

| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Реализатори** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење за реализација** | **Инструменти/извор и на информации за следење на индикаторите** |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | на активностите | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Соработка со семејствата и заедницата | Редовна комуникација на родителите со наставниците<br>Соработка со образовен медијатор | Наставници<br>Стручна служба<br>Образовен медијатор | Септември – јуни | Компјутер / лаптоп<br>Хартија<br>Пенкало<br>Телефон | Директор | Записници<br>Извештаи |
| Анализа на успехот и мотивацијата | Споредбени анализи | Стручна служба | Септември – јуни | Компјутер / лаптоп<br>Евидентни листи | Директор | Извештаи |

| **Стратешка цел 3: Да се создаде инклузивна, поддржувачка и еднаква училишна средина која овозможува целосно учество, развој и благосостојба на сите ученици, без разлика на нивните индивидуални способности, културно потекло или социјален статус.** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Развојна цел 3.1** Прилагодување на наставните методи и материјали за да се овозможи активно учество на сите ученици. | | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Реализатори** | **Временска рамка за имплементаци ја** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење за реализација на активностите** | **Инструменти/извор и на информации за следење на индикаторите** |
| Анализа на стилови на учење, способности и интереси на ученици | Идентификувани стилови на учење, способности и интереси<br>Користење на најмалку два различни методи<br>Идентификувани ученици со потешкотии и надарени ученици | Стручна служба | Септември – јуни | Компјутер / лаптоп<br>Хартија<br>Анкетни листови<br>Стручна литература<br>Евидентни листи | Директор | Извештаи<br>Подобрување на постигнувањата на учениците |
| Примена на диференцирана настава | Диференцирана настава вклучена во | Наставници | Септември – јуни | Компјутер / лаптоп<br>Хартија | Стручна служба<br>Директор | Подобрување на индивидуалниот |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | годишни, месечни и дневни планирања<br>Изработени прилагодени наставни материјали<br>Примена на различни наставни методи и техники | | | Анкетни листови<br>Стручна литература | | напредок на учениците<br>Евидентни листи |
| Активно вклучување на учениците | Поголем број на ученици вклучени во дискусии, активности и задачи<br>Ученички иницијативи<br>Развивање на критичко мислење<br>Подобрена комуникација | Наставници<br>Ученички парламент | Септември – јуни | Компјутер / лаптоп<br>Смарт табла<br>Хартија<br>Потрошни материјали<br>Работилници | Стручна служба<br>Директор | Повратна информација од учениците ( анкети, разговори) |

**Развојна цел 3.2** Обезбедување на континуирана поддршка и менторство на учениците со посебни образовни потреби или социјални предизвици.

| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Реализатори** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење за реализација на активностите** | **Инструменти/извор и на информации за следење на индикаторите** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Идентификување на потребите на учениците | Идентификувани ученици со посебни образовни потреби и социјални предизвици | Инклузивен тим | Септември – јуни | Извештаи<br>Евидентни листи<br>Хартија<br>Анкети | Директор | Извештаи<br>Записници |
| Прилагодување на наставата | Примена на диференцирана и индивидуализирана настава | Наставници | Септември – јуни | Компјутер / лаптоп<br>Стручна литература | Стручна служба<br>Директор | Дневни подготовки и сценарија |
| Редовна комуникација со родители | Одржани родителски средби и разговори | Одделенски раководители | Септември – јуни | Компјутер / лаптоп | Стручна служба<br>Директор | Записници |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Стручна литература | | |
| **Развојна цел 3.3** Поттикнување на меѓусебна соработка, толеранција и почитување на различностите меѓу учениците. | | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Реализатори** | **Временска рамка за имплементаци ја** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење за реализација на активностите** | **Инструменти/извор и на информации за следење на индикаторите** |
| Организирање работа во мешани групи | Вонннаставни активности Одбележување на важни денови | Наставници | Септември – јуни | Простории Компјутер Потрошни материјали Реквизити | Стручна служба Директор | Е- дневник Извештаи |
| Едукативна и советодавна работа со учениците | Работилници Советодавни разговори со стручна служба | Стручна служба | Септември – јуни | Стручна литература Работилници Потрошни материјали | Директор | Записници |
| Вклучување на родители | Заеднички активности со родители | Одделенски раководители | Септември – јуни | Стручна литература Работилници Потрошни материјали | Стручна служба Директор | Извештаи |

## 8. Комисија за изработка на Развојната програма на училиштето

Училишната комисија за изработка на развојната програма на училиштето ја сочинуваат 11-пет члена, како што следи:

1. Анета Цветкова – директор
2. Александра Цветковска – психолог
3. Гордана Петровиќ – педагог
4. Виолета Симоновска - одделенски наставник
5. Флора Јусуфи – одделенски наставник
6. Катерина Ванева - одделенски наставник
7. Зорица Стевковска – предметен наставник
8. Сања Орчевска – предметен наставник
9. Давор Јовановски – ученик од 9б одделение, претседател на ученички парламент
10. Кристина Величковска – родител
11. Мајак Кочиева – претставник од локална самоуправа

Датум
25.12.2025 г.

М.П.

Општинско Основно Училиште „Његош" Јурумлери Гази Баба, Скопје Република Северна Македонија

ООУ "Његош"- Јурумлери
Директор
Анета Цветкова

Претседател на Училишен Одбор
Милица Цикарска



Created in Scanner Pro